# ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА СО МАЛИ СИПАНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ДО 19 НЕДЕЛА

## Вовед

Во овој извештај даден е преглед на моменталната ситуација со малите сипаници во Република Македонија од нивната појава од нивната појава до 15.05.2011 година, како и извештај за 18 недела 2011г - во однос на спроведувањето на наредбите на Министерот за здравство за дополнителна вакцинација со МРП вакцина на одредени возрасни групи во градовите каде е прогласена епидемија, и другите спроведени активности од страна на ЦЈЗ/ПЕ во целата република.

Во текот на 19 недела пријавени се 25 случаи на мали сипаници. Не е пријавен случај од нов ЦЈЗ/ПЕ.

**Со пријавените случаи до затварање на извештајот, вкупниот број на пристигнати пријави и/или епидемиолошки анкети е 877,** како потврдени случаи на мали сипаници класифицирани се 438, а како веројатни (клинички) случаи се 439 случаи.

## 1. Географска дистрибуција на потврдените и веројатните (клинички) случаи на мали сипаници (n=877)

Случаи на мали сипаници се пријавени од 21 град во Македонија. Кумулативно најголем број од заболените се пријавени ЦЈЗ Скопје (n=551), додека највисок морбидитет и понатаму се регистрира на територија на ЦЈЗ Струмица (МБ=128.8/100,000) (детален преглед на број на заболени, по возраст, број, МБ и градови е даден во Табела 1 во Прилог).

## 2. Временска дистрибуција на потврдените и веројатните (клинички) случаи на мали сипаници

**Дистрибуција по месеци -** од податоците со кои располага ИЈЗ, **според датум на заболување** во месец август се регистрирани 17 случаи, во месец септември се регистрираат 46 заболени, октомври -57, ноември -45, во декември се регистрираат 60 случаи, во јануари 2011г -88 случаи, со датум на заболување во месец февруари регистрирани се 99 случаи, додека во март 2011 регистрирани се 202 случаи, а најголем број на заболени на месечно ниво (n=228) се регистрирани во месец април, а до затварање на извештајот во месец мај се регистрирани 34 случаи.

**Дистрибуција по недели** - податоци за денот на заболување се добиени за 869 случаи. По првиот пик на епидемијата во периодот од 40-42 недела, кога беа регистрирани вкупно 56 случаи, во периодот од 47 недела повторно се бележи тенденција на зголемување на бројот на заболени. Во 11 недела бројот на заболени е 49, во 12 недела е 63 случаи, во 13 недела 49 случаи, а највисокиот број на заболени се бележи во 14 недела (n=80) случаи, од кога се бележи тендеција на намалување на бројот на регистрирани случаи на неделно ниво (Графикон 1). Со датум на заболување од 18 недела регистрирани се 17 случаи а во 19 недела -11 случаи (Графикон 1).

Од регистрираните случаи со датум на заболување во 18 недела:

- 10 случаја се од Скопје, по 2 случаи од Прилеп, Струмица и Тетово и еден случај од Штип

Од регистрираните случаи со датум на заболување во 19 недела:

- 8 случаја се од Скопје, по 1 случај од Прилеп, Гевгелија и Тетово

***<u>Графикон 1.</u> Дистрибуција на потврдени и веројатни случаи според место и недела на заболување, n=869 (податоци според датум на заболување)***




Со црна линија е претставен тренд со подвижен просек за 4 недели.

## 3. Дистрибуција по возраст, пол и националност потврдените и веројатните (клинички) случаи на мали сипаници

Заболени се регистрирани на возраст од 0 до 57 години (средна вредност 16.2г). Кумулативно, најголем број од заболените се во возрасната група над 30 години (n=199), следи возрасната група од 20-29г (n=171), деца на возраст од 1-4 години (n=155), деца на возраст под една година (n=147), млади од 15-19 години (n=104), од возрасната група од 10-14 (n=50), од 5-9 заболени се 47 случај. За 4 случаи нема податоци во однос на возраста (Табела 1 во прилог).

Во текот на 9 и 10 недела се бележи пораст на процентуалната застапеност на заболените во возрасната група од 15-19 години (33.3% односно 44,4%), што се должи на групирање на заболени од одредени средни училишта, а заболените во најголем дел се од с. Радуша, Скопје. Во период од 11-14 недела се зголемува процентното учество на повозрасните, така што во 14 и 15 недела 55% односно 48.9% од заболените се во возрасните групи од 20-29 и повеќе од 30 години. Во истиот период (14-15 недела), повторно се зголемува процентното учество на возрасната група под една година (18.7% и 34.7%) (Графикон 2).

Во текот на 17 недела, уделот на возрасните (20 и повеќе години) е 58.1%, додека 29% од заболените се од 0-4 години.

Во текот на 18 недела, уделот на возрасните (20 и повеќе години) е 76.5%, додека 11.8% од заболените се од 0-4 години.

Со дата на заболување од 19 недела, пристигнати се 11 пријави , а 5 од случаите се на возраст под една година а на лица од 20 и повеќе години отпаѓаат 4 случаи (графикон 2).

***Графикон 2.*** ***Застапеност на заболените по недели и возрасни групи (2010-2011), n=869***




Од заболените, 476 (54.3%) се од машки пол, додека 401 (45.7%) се од женски пол.

Во однос на националната припадност, добиени се податоци за 868 (99.0%) од пристигнатите случаи. Од нив, на лица од Албанска националност отпаѓаат 40.4% (n=351), припадници на Ромска, односно Турско-Ромска националност се 262 лица (30.2%) од Македонска националност се 249 (28.7%), а по три лица се од Српска и друга националност.

За 9 лица или 1.1% од пријавените случаи не се добиени информации во однос на националноста.

## 4. Вакцинален статус на потврдените и веројатните (клинички) случаи на мали сипаници

Со анализа на епидемиолошките анкети пристигнати до ИЈЗ добиени се податоци за вакциналниот статус на 852 (97.1%) случаи, додека за 25 лица (2.9%) не се добиени информации за вакциналниот статус.

Од лицата со проверен вакцинален статус:

- **90.3% (n=770) од заболените со проверен вакцинален статус се невакцинирани или со непознат вакцинален статус.**
- вакцинирани со една доза на МРП вакцина се 6.9% (n=59),
- со две дози на вакцина се вакцинирани 2.6% (n=23)

**Од вакцинираните со една доза:**

- Дијагнозата лабораториски е потврдена само кај 8 случаи,
- Епидемиолошка врска е утврдена кај 21 случаи,
- додека останатите 30 се пријавени врз основа на клиничка слика.
- Возраста на случаите вакцинирани со една доза МРП се движи од 10 месеци до 35 години. (4 лица под една година; 7 лица на возраст од 1г; 9 на возраст од 2-5 години; 2 лица од 6-9г; 10-14г – 5 лица; 15-19г – 9 лица; 20-29г – 10 лица и над 30г – 13 лица)
- Од вакцинираните со една доза најмногу се од Скопје (n=30), потоа Куманово (n=8), Струмица (n=5), Тетово (n=5), Велес (n=2) , Прилеп (n=2), а по еден од : Свети Николе, Радовиш, Штип, Валандово, Битола, Гевгелија и Македонски Брод.

**Од вакцинираните со две дози:**

- Дијагнозата лабораториски е потврдена кај 3 случаи,
- Епидемиолошка врска е утврдена кај 3 случаи,
- 17 случаи се пријавени врз основа на клиничка слика.
- Возраста на случаите со една доза МРП се движи од 6 до 30 години. (едно лице на возраст од 6 години; 4 лица на возраст од 10-14г; од 15-19 г – 8 лица; 20-29г – 8 лица и над 30г – 2 лица) .
- Најголем дел од заболените се од Скопје (n=9), Тетово (n=6), Кочани (n=2), а од Куманово, Прилеп, Пробиштип, Берово, Струмица и Свети Николе по еден случај.

## 5. Компликации, хоспитализација на потврдените и веројатните (клинички) случаи на мали сипаници

Компликации се регистрирани кај 129 (15.9%) од сите регистрирани случаи, при што се регистрирани 71 случај на пневмонија и 64 случаи на дијареја.

На најголем ризик за појава на компликации се изложени децата помали од 1 година каде се регистрирани 32 случаи и деца од 1-4 години каде се регистрирани 30 случаи на компликации.

Од сите случаи на пневмонии, на децата на возраст под една година отпаѓаат 29.5% (n=21), а на децата од 1-4 години 25.3% (n=18).

Од податоците со кои располага ИЈЗ (пријавни картички, анкети и лабораториски потврди) добиени се информации за хоспитализација на 372 лица или 42.4% од вкупниот број на потврдени и клинички случаи на мали сипаници.

Од хоспитализираните, 85 лица биле задржани на болничко лекување поради појава на компликации, додека останатите биле задржани поради потешка клиничка слика на заболувањето.

**Според возраста, најголем дел од хоспитализираните (n=84, 22.6%) се деца на возраст под една година и деца од 1-4 години (n=77, 20.7%).**

## 6. Активности за редовна и дополнителна вакцинација

**Во тек на 19 недела според пристигнатите извештаи од сите ЦЈЗ/ПЕ:**

**Во редовна вакцинација вакцинирани се 716 лица:**

- 296 со прва доза МРП на возраст од 1 година и
- 420 со втора доза МРП на возраст од 6 години

(Табела 2 и 3 во прилог)

**Со мерките за засилен надзор и пронаоѓање на невекацинирани, непотполно вакцинирани и неевидентирани лица на возраст од 1 до 40 години пронајдени се:**

- 2 лица кои се во евиденција, а воопшто не се вакцинирани (двете на возраст до 18 години)
- 39 лица кои се во евиденција подлежни на две дози МРП, а некомплетно вакцинирани (35 на возраст од 7-18 години) и
- 5 лица кои не се во евиденција (новооткриени), сите на возраст до 18 години

(Детален преглед за 19 недела по возрасни групи е даден во Табела 2 во прилог)

**Во тек на 19 недела согласно мерките за дополнителна вакцинација со МРП вакцина, вакцинирани се:**

**Со прва доза на МРП вакцина вкупно 656 лица:**

- На возраст од 6-12м - 625 деца
- На возраст од 1-18 години - 24 лица
- На возраст од 19-40 години - 7 лица

**Со втора доза на МРП вакцина вакцинирани се вкупно 176 лица:**

- На возраст од 7-18 години со втора доза на вакцина вакцинирани се 121 лице
- На возраст од 19-40 години со втора доза на вакцина вакцинирани се 55 лица

(Детален преглед по возрасни групи и ЦЈЗ/ПЕ даден е во Табела 2 и 3 во прилог)

**КУМУЛАТИВНО согласно пристигнатите извештаи од ЦЈЗ/ПЕ, почнувајќи од 48 недела од 2010 година до крајот на 19 недела 2011 вакцинирани се вкупно 29995 лица** (вклучен е коригираниот извештај од Скопје за месец април 2011)**.**

**Во редовна вакцинација со МРП вакцина вакцинирани се:**

- 9276 лица со прва доза МРП на возраст од 13 месеци и
- 5115 лица со втора доза МРП на возраст од 6 години

(табела 2а и 3а во прилог)

**Со мерките за засилен надзор и пронаоѓање на невекацинирани, непотполно вакцинирани и неевидентирани лица на возраст од 1 до 40 години пронајдени се:**

- 5494 лица кои се во евиденција, а воопшто не се вакцинирани (4792 на возраст до 18 години)
- 2789 лица кои се во евиденција подлежни на две дози МРП, а некомплетно вакцинирани (2277 на возраст од 7-18 години) и
- 470 лица кои не се во евиденција (новооткриени), од кои 352 се на возраст до 18 години

(Табела 2а и 3а во прилог)

**Кумулативно согласно мерките за дополнителна вакцинација со МРП вакцина, вакцинирани се:**

**Со прва доза на МРП вакцина:**

- 9985 деца на возраст од 6-12м –или опфат од 78.5% од подлежечките – пропуштени и новооткриени, (во овој извештај е ажуриран бројот на подлежечки кај ЦЈЗ/ПЕ каде овој број беше претаставен како помал од бројот на вакцинирани – со црвен текст во Табела 3а во прилог)
- 1819 лица на возраст од 1-18 години (опфат од 38.0% од подлежечките)
- На возраст од 19-40 години - 1068 лица

**Со втора доза на МРП вакцина вакцинирани се:**

- На возраст од 7-18 години со втора доза на вакцина вакцинирани се 2037 лица
- На возраст од 19-40 години со втора доза на вакцина вакцинирани се 695 лица

(Детален преглед по возрасни групи и ЦЈЗ/ПЕ даден е во Табела 2а и 3а во прилог)

**Скопје, 17.05.2011**

***Сектор за контрола и превенција на заразни болести***
***ИЈЗ - Скопје***

**Прилог:**

***Табела 1.*** ***Дистрибуција на потврдени/клинички случаи на мали сипаници по возраст и по градови (n=877), до 15.05.2011г***

| Град | Вкупно | | Возрасна Група (број и МБ/100,000) | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | <1г | | 1-4г | | 5-9г | | 10-14г | | 15-19г | | 20-29г | | 30+г | | непо-знато |
| | број | *МБ* | број | *МБ* | број | *МБ* | број | *МБ* | број | *МБ* | број | *МБ* | број | *МБ* | број | *МБ* | број |
| **Македонија** | **877** | ***43.0*** | **147** | ***659.3*** | **155** | ***167.8*** | **47** | ***37.0*** | **50** | ***33.4*** | **104** | ***64.2*** | **171** | ***52.8*** | **199** | ***17.1*** | **4** |
| **Куманово** | **95** | ***68.3*** | 17 | *1022.2* | 24 | *327.3* | 20 | *194.4* | 10 | *87.0* | 12 | *103.2* | 10 | *45.3* | 2 | *2.7* | 0 |
| **Скопје** | **551** | ***93.3*** | 74 | *1016.3* | 95 | *329.5* | 14 | *38.4* | 24 | *59.7* | 71 | *166.0* | 115 | *124.5* | 157 | *45.8* | 1 |
| **Струмица** | **120** | ***128.8*** | 22 | *2184.7* | 25 | *577.4* | 10 | *179.3* | 13 | *202.9* | 13 | *184.0* | 22 | *148.3* | 13 | *24.1* | 2 |
| **Валандово** | **8** | ***67.1*** | 2 | *1652.9* | 1 | *198.4* | 0 | - | 0 | *0.0* | 2 | *212.3* | 0 | *0.0* | 3 | *42.5* | 0 |
| **Битола** | **2** | ***1.9*** | 0 | *0.0* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 2 | *3.1* | 0 |
| **Гевгелија*** | **2** | ***5.8*** | 1 | *342.5* | 1 | *80.6* | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Гостивар** | **4** | ***3.4*** | 1 | *90.3* | 3 | *57.1* | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Тетово** | **38** | ***19.7*** | 12 | *510.0* | 0 | - | 2 | *13.7* | 1 | *5.5* | 4 | *22.0* | 12 | *36.3* | 7 | *7.2* | 0 |
| **Велес** | **18** | ***27.1*** | 9 | *1302.5* | 2 | *70.3* | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 5 | *47.9* | 1 | *2.5* | 1 |
| **Св. Николе** | **3** | ***14.3*** | 0 | *0.0* | 1 | *127.4* | 0 | - | 1 | *77.3* | 0 | *0.0* | 1 | *31.6* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Штип** | **7** | ***13.4*** | 2 | *365.0* | 1 | *44.6* | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *12.1* | 3 | *9.6* | 0 |
| **Кичево** | **4** | ***7.0*** | 1 | *212.3* | 0 | - | 1 | *25.6* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *10.2* | 1 | *3.3* | 0 |
| **Кавадарци** | **1** | ***2.3*** | 0 | *0.0* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *14.9* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Кочани** | **3** | ***6.2*** | 1 | *232.0* | 0 | - | 0 | - | 1 | *32.1* | 1 | *28.6* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Охрид** | **2** | ***3.3*** | 1 | *167.2* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *2.7* | 0 |
| **Прилеп** | **8** | ***8.3*** | 0 | *0.0* | 1 | *23.5* | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 7 | *12.1* | 0 |
| **Радовиш** | **6** | ***18.7*** | 3 | *840.3* | 1 | *65.4* | 0 | - | 0 | *0.0* | 1 | *36.8* | 1 | *20.3* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Берово** | **1** | ***5.2*** | 0 | *0.0* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *35.4* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Делчево** | **1** | ***4.0*** | 1 | *469.5* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 |
| **Пробиштип** | **2** | ***12.5*** | 0 | *0.0* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *42.1* | 1 | *10.0* | 0 |
| **М. Брод** | **1** | ***8.7*** | 0 | *0.0* | 0 | - | 0 | - | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 0 | *0.0* | 1 | *15.7* | 0 |

*Претставен е случајот од Богданци

**Табела 2. Редовна, дополнителна вакцинација и активности за откривање на неевидентирани, пропуштени или непотполно вакцинирани лица, по возраст, МАКЕДОНИЈА 19 НЕДЕЛА, 2011г**

| | Редовна вакцинација | Активности за откривање на неевидентирани, пропуштени или непотполно вакцинирани лица | | | Вакцинирани во кампања (дополнителна вакцинација) | | Вкупно вакцинирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | Број на редовно вакцинирани согласно календарот за имунизација | Број на пропуштени во редовна вакцинација (евидентирани, а воопшто невакцинирани, 0 дози) | Број на пропуштени во редовна вакцинација (евидентирани, а непотполно вакцинирани со 1 доза) | Број на неевидентирани (новооткриени) | Број на вакцинирани со прва доза | Број на лица кои примиле две дози (комплетирана ревакцинација) во камапања | |
| 6-12м | | | | 0 | 625 | | 625 |
| 1 година | 296 | 0 | | 0 | 0 | | 296 |
| 2-5г | | 2 | | 1 | 16 | | 16 |
| 6г | 420 | 0 | | 2 | 2 | | 422 |
| 7-9г | | 0 | 13 | 1 | 4 | 41 | 45 |
| 10-14г | | 0 | 15 | 1 | 2 | 54 | 56 |
| 15-18г | | 0 | 7 | 0 | 0 | 26 | 26 |
| **Вкупно до 18г** | **716** | **2** | **35** | **5** | **649** | **121** | **1486** |
| 19-24г | | 0 | 1 | 0 | 1 | 8 | 9 |
| 25-29г | | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 10 |
| 30-34г | | 0 | 1 | 0 | 3 | 17 | 20 |
| 35-40г | | 0 | 2 | 0 | 3 | 20 | 23 |
| **Вкупно 19-40г** | | **0** | **4** | **0** | **7** | **55** | **62** |
| **ВКУПНО** | **716** | **2** | **39** | **5** | **656** | **176** | **1548** |

**Табела 3. Редовна, дополнителна вакцинација и активности за откривање на неевидентирани, пропуштени или непотполно вакцинирани лица, по ЦЈЗ, МАКЕДОНИЈА 19 НЕДЕЛА, 2011г**

| ЦЈЗ/ПЕ | Редовна вакцинација | | Пронајдени пропуштени, неевидентирани | | | Број на вакцинирани во кампања (дополнителна вакцинација) | | | Вкупно вакцинирани во редовна вакцинација | Вкупно вакцинирани во кампања |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Редовно вакцинирани на 13м | Редовно вакцинирани на 6г | Број на пропуштени невакцинирани 1-40г | Број подлежечки на 2 дози, а вкацинирани со една доза 7-40г | Број на неевидентирани (новооткриени) 6м-40г | вакцинирани 6-12 месеци | Број на вакцинирани со прва доза 1-40г | Број на вакцинирани со втора доза 7-40г | | |
| **МАКЕДОНИЈА** | **296** | **420** | **2** | **39** | **5** | **625** | **31** | **176** | **716** | **832** |
| ***Битола*** | ***18*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 37 | 0 | 0 | **18** | **37** |
| Д.Хисар | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** | **0** |
| Кичево | 17 | 32 | 0 | 6 | 0 | 10 | 0 | 6 | **49** | **16** |
| Ресен | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | **1** | **4** |
| ***Велес*** | ***4*** | 29 | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | **33** | **12** |
| Гевгелија | 6 | 35 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | **41** | **10** |
| Кавадарци | 8 | 33 | 0 | 0 | 0 | 8 | 2 | 0 | **41** | **10** |
| Неготино | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 12 | **3** | **22** |
| С.Николе | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| ***Кочани*** | ***1*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | 0 | 5 | **1** | **30** |
| Берово | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | **1** | **4** |
| Виница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | **0** | **5** |
| Пехчево | 11 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **11** | **0** |
| ***Куманово*** | ***31*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 63 | 0 | 1 | **31** | **64** |
| К.Паланка | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | **6** | **14** |
| Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **0** | **1** |
| ***Охрид*** | ***4*** | 12 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 3 | **16** | **12** |
| Дебар | 2 | 7 | 0 | 0 | 0 | 34 | 0 | 0 | **9** | **34** |
| Струга | 4 | 41 | 0 | 1 | 0 | 20 | 0 | 3 | **45** | **23** |
| ***Прилеп*** | ***14*** | 68 | 0 | 0 | 0 | 59 | 2 | 7 | **82** | **68** |
| Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | **0** | **3** |
| М. Брод | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | **6** | **5** |
| ***Скопје*** | ***108*** | 116 | 0 | 0 | 5 | 167 | 25 | 105 | **224** | **297** |
| ***Струмица*** | ***0*** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| Валандово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| ***Тетово*** | ***24*** | 3 | 1 | 31 | 0 | 78 | 1 | 31 | **27** | **110** |
| Гостивар | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | **14** | **8** |
| ***Штип*** | ***16*** | 14 | 1 | 0 | 0 | 19 | 1 | 3 | **30** | **23** |
| Пробиштип | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | **1** | **6** |
| Радовиш | 6 | 18 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | **24** | **14** |

**Табела 2а. Редовна, дополнителна вакцинација и активности за откривање на неевидентирани, пропуштени или непотполно вакцинирани лица, по возраст, МАКЕДОНИЈА 2010-2011 (до 15.05.2011)**

| Возраст | Редовна вакцинација | Активности за откривање на неевидентирани, пропуштени или непотполно вакцинирани лица | | | Вакцинирани во кампања (дополнителна вакцинација) | | Вкупно вакцинирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на редовно вакцинирани согласно календарот за имунизација | Број на пропуштени во редовна вакцинација (евидентирани, а воопшто невакцинирани, 0 дози) | Број на пропуштени во редовна вакцинација (евидентирани, а непотполно вакцинирани со 1 доза) | Број на неевидентирани (новооткриени) | Број на вакцинирани со прва доза | Број на лица кои примиле две дози (комплетирана ревакцинација) во камапања | |
| **6-12м** | | | | 97 | 9985 | | **9985** |
| **1 година** | 9276 | 2642 | | 47 | 808 | | **10084** |
| **2-5г** | | 1426 | | 43 | 416 | | **416** |
| **6г** | 5115 | 164 | | 7 | 94 | | **5209** |
| **7-9г** | | 179 | 875 | 51 | 143 | 645 | **788** |
| **10-14г** | | 189 | 859 | 67 | 172 | 806 | **978** |
| **15-18г** | | 192 | 543 | 40 | 186 | 586 | **772** |
| **Вкупно до 18г** | **14391** | **4792** | **2277** | **352** | **11804** | **2037** | **28232** |
| **19-24г** | | 129 | 120 | 11 | 165 | 159 | **324** |
| **25-29г** | | 151 | 99 | 28 | 209 | 127 | **336** |
| **30-34г** | | 172 | 176 | 53 | 299 | 239 | **538** |
| **35-40г** | | 250 | 117 | 26 | 395 | 170 | **565** |
| **Вкупно 19-40г** | | **702** | **512** | **118** | **1068** | **695** | **1763** |
| **ВКУПНО** | **14391** | **5494** | **2789** | **470** | **12872** | **2732** | **29995** |

***не се претставени 2476 вакцинирани случаи од Средорек - Куманово во септември-ноември 2010***

**Табела 3а. Редовна, Дополнителна вакцинација и активности за откривање на неевидентирани, пропуштени или непотполно вакцинирани лица, по ЦЈЗ/ПЕ, МАКЕДОНИЈА 2010-2011 (до 15.05.2011)**

| ЦЈЗ/ПЕ | Редовна вакцинација | | Пронајдени пропуштени, неевидентирани | | | Подлежечки за вакцинација 6-12м | Број на вакцинирани во кампања (дополнителна вакцинација) | | | | | Вкупно вакцинирани во редовна вакцинација | Вкупно вакцинирани во кампања |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Редовно вакцинирани на 13м | Редовно вакцинирани на 6г | Број на пропуштени невакцинирани 1-40г | Број подлежечки на 2 дози, а вкацинирани со една доза 7-40г | Број на неевидентирани (новооткриени) 6м-40г | | вакцинирани 6-12 месеци | (% вакцинирани 6-12м) | Број на вакцинирани со прва доза 1-40г | (% вакцинирани со прва доза, пропуштени и новооткриени) | Број на вакцинирани со втора доза 7-40г | | |
| **МАКЕДОНИЈА** | **9276** | **5115** | **5494** | **2789** | **470** | **12712** | **9985** | ***(78.5)*** | **2887** | ***(48.4)*** | **2732** | **14391** | **15604** |
| ***Битола*** | ***547*** | 36 | 31 | 32 | 11 | 609 | 366 | *(60.1)* | 11 | *(26.2)* | 72 | **583** | **449** |
| Д.Хисар | 33 | 62 | 0 | 0 | 0 | 25 | 16 | *(64.0)* | 4 | *#DIV/0!* | 0 | **95** | **20** |
| Кичево | 231 | 399 | 16 | 16 | 23 | 480 | 86 | *(17.9)* | 13 | *(33.3)* | 13 | **630** | **112** |
| Ресен | 62 | 0 | 0 | 3 | 2 | 113 | 113 | *(100.0)* | 1 | *(50.0)* | 3 | **62** | **117** |
| ***Велес*** | ***99*** | 600 | 20 | 53 | 0 | 390 | 416 | *(106.7)* | 0 | *(.0)* | 0 | **699** | **416** |
| Гевгелија | 29 | 35 | 21 | 0 | 0 | 122 | 105 | *(86.1)* | 21 | *(100.0)* | 0 | **64** | **126** |
| Кавадарци | 201 | 389 | 55 | 89 | 19 | 251 | 62 | *(24.7)* | 50 | *(67.6)* | 63 | **590** | **175** |
| Неготино | 15 | 237 | 1 | 13 | 18 | 140 | 115 | *(82.1)* | 36 | *(189.5)* | 36 | **252** | **187** |
| С.Николе | 1 | 83 | 1 | 2 | 0 | 141 | 99 | *(70.2)* | 0 | *(.0)* | 0 | **84** | **99** |
| ***Кочани*** | ***148*** | 65 | 1 | 15 | 0 | 171 | 144 | *(84.2)* | 3 | *(300.0)* | 16 | **213** | **163** |
| Берово | 51 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57 | 49 | *(86.0)* | 4 | *#DIV/0!* | 1 | **51** | **54** |
| Виница | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 120 | 81 | *(67.5)* | 3 | *(100.0)* | 2 | **0** | **86** |
| Делчево | 4 | 0 | 1 | 36 | 0 | 193 | 193 | *(100.0)* | 0 | *(.0)* | 0 | **4** | **193** |
| Пехчево | 11 | 0 | 0 | 5 | 0 | 120 | 22 | *(18.3)* | 0 | *#DIV/0!* | 0 | **11** | **22** |
| ***Куманово*** | ***428*** | 0 | 113 | 249 | 0 | 1800 | 1232 | *(68.4)* | 53 | *(46.9)* | 278 | **428** | **1563** |
| К.Паланка | 106 | 2 | 0 | 0 | 0 | 103 | 103 | *(100.0)* | 0 | *#DIV/0!* | 1 | **108** | **104** |
| Кратово | 27 | 15 | 3 | 1 | 3 | 45 | 38 | *(84.4)* | 3 | *(50.0)* | 0 | **42** | **41** |
| ***Охрид*** | ***263*** | 208 | 64 | 72 | 0 | 333 | 253 | *(76.0)* | 9 | *(14.1)* | 46 | **471** | **308** |
| Дебар | 158 | 190 | 0 | 15 | 2 | 167 | 167 | *(100.0)* | 26 | *(1300.0)* | 73 | **348** | **266** |
| Струга | 58 | 63 | 3 | 3 | 0 | 404 | 255 | *(63.1)* | 4 | *(133.3)* | 3 | **121** | **262** |
| ***Прилеп*** | ***567*** | 438 | 45 | 76 | 8 | 567 | 415 | *(73.2)* | 18 | *(34.0)* | 49 | **1005** | **482** |
| Крушево | 84 | 1 | 2 | 2 | 0 | 102 | 72 | *(70.6)* | 3 | *(150.0)* | 2 | **85** | **77** |
| М. Брод | 39 | 42 | 0 | 3 | 1 | 65 | 65 | *(100.0)* | 3 | *(300.0)* | 2 | **81** | **70** |
| ***Скопје*** | ***3420*** | 1447 | 4755 | 1379 | 319 | 3389 | 3389 | *(100.0)* | 2276 | *(44.9)* | 1540 | **4867** | **7205** |
| ***Струмица*** | ***443*** | 194 | 106 | 68 | 13 | 363 | 339 | *(93.4)* | 17 | *(14.3)* | 49 | **637** | **405** |
| Валандово | 14 | 36 | 1 | 0 | 0 | 71 | 64 | *(90.1)* | 0 | *(.0)* | 0 | **50** | **64** |
| ***Тетово*** | ***1107*** | 84 | 49 | 582 | 13 | 1108 | 1108 | *(100.0)* | 211 | *(340.3)* | 385 | **1191** | **1704** |
| Гостивар | 556 | 55 | 33 | 5 | 24 | 629 | 151 | *(24.0)* | 49 | *(86.0)* | 5 | **611** | **205** |
| ***Штип*** | ***265*** | 153 | 51 | 48 | 5 | 376 | 252 | *(67.0)* | 32 | *(57.1)* | 44 | **418** | **328** |
| Пробиштип | 51 | 39 | 0 | 3 | 6 | 71 | 76 | *(107.0)* | 1 | *(16.7)* | 23 | **90** | **100** |
| Радовиш | 258 | 242 | 122 | 17 | 0 | 187 | 139 | *(74.3)* | 36 | *(29.5)* | 26 | **500** | **201** |

***не се претставени 2476 вакцинирани случаи од Куманово во септември-ноември 2010**